Новите Национални стратегии, за спречување насилен екстремизам и за борба против тероризам беа една од темите на брифингот со новинарите што го организираа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Националниот комитет за с пречување насилен екстремизам
и
борба против тероризам
(НКСНЕБПТ) на 1 ноември 2023 година, во просториите на МЦМС. Новите Национални стратегии, за спречување насилен екстремизам и за борба против тероризам беа една од темите на брифингот со новинарите што го организираа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и
Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам
(НКСНЕБПТ) на 1 ноември 2023 година, во просториите на МЦМС. Националниот координатор за СНЕБПТ, Златко Апостолоски, ги презентираше двата документи и притоа се осврна на партиципативноста на процесот на подготовка кој вклучил актери од државните институции, граѓанските организации, академската заедница и меѓународните организации. Стратешките приоритети на двете Стратегии се групирани во четири дела и тоа: превенција, заштита, извршување/гонење и одговор.

„Сите се согласуваме со фактот дека превенцијата е најефтина и најефикасна“, рече Апостолоски и додаде дека нема совршен систем како што нема ниту совршени општества. Според него, методите на терористите се менуваат, а нападите стануваат порадикални. Иако Исламска држава е поразена, идеологијата што стои зад неа се уште е жива. Тој потенцираше дека споделувањето информации меѓу институциите е многу важна затоа што борбата против овие феномени нема само безбедносна перспектива.

Зборувајќи за активностите на локално ниво, Националниот координатор се осврна на основањето и функционирањето на Локалните совети за превенција како и на Акциските тимови во заедниците. „Кога се зборува за овие теми, секогаш се смета дека тоа е работа на полицијата. Општините не треба да се гледаат како институциите кои се занимаваат само со комунални прашања“, рече тој. На новинарските прашања дали Локалните совети за превенција имаат капацитет да работат на вакви прашања и дали се случило некој од нив да дојави некоја ризична ситуација, Апостолоски рече дека недостатокот на ресурси не треба да биде изговор, туку, дека е потребно да има волја и желба.

Подготовка на стратегиите